Број на Службен весник: 153/2012
Датум на објавување: 06.12.2012

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 68 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.79/09, 36/11 и 51/11), министерот за труд и социјална политика, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА НА ПРИХОДИТЕ, ИМОТОТ, ИМОТНИТЕ ПРАВА И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ПАРИЧНА ПОМОШ НА ЛИЦЕ КОЕ ДО 18 ГОДИНИ ВОЗРАСТ ИМАЛО СТАТУС НА ДЕТЕ БЕЗ РОДИТЕЛИ И РОДИТЕЛСКА ГРИЖА

**Член 1**

Во Правилникот за начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот, имотните права и потребната документација за остварување на правото на парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, („Службен весник на Република Македонија" бр.122/09), во членот 5 ставот 1 точката 1 се менува и гласи:
„ 1. важечка лична карта или патна исправа за државјани на Република Македонија, дозвола за постојан престој на странец, лична карта за признат бегалец или лична карта за лице под супсидијарна заштита, се доставува само на увид за докажување на идентитетот и државјанството. "

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-7358/3
30 ноември 2012 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика,
**Спиро Ристовски,** с.р.